Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08,167/10 и 51/11) и член 22 став 1 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18), министерот за образование и наука ја донесе наставната програма по наставниот предмет **социологија** за III (трета) година образование од средното стручно образование со четиригодишно траење.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

Наставна програма

# СОЦИОЛОГИЈА

***модуларно дизајнирана***

## за III година

Економски техничар, Правен техничар и Бизнис администратор

**образовен профил / квалификација**

Економско – правна и трговска/Економија, право и трговија

**струка / сектор**

Скопје, 2019 година

| | |
|---|---|
| **Назив на наставната програма** | Социологија |
| **Тип на наставна програма** | Задолжителна |
| **Кредитна вредност на наставната програма** | 4 (четири) ЕЦВЕТ[1] кредити (3+1, 1 кредит одговара на 25 часа активности на ученикот од кои 10 часа за домашна работа,  5 часа за подготовка за писмени работи и 10 часа за самостојно учење) |
| **Струка** | Економско – правна и трговска |
| **Сектор** | Економија, право и трговија |
| **Образовен профил** | Економски техничар, Правен техничар, Бизнис администратор |
| **Назив и ниво на квалификација** | Економски техничар, Правен техничар, Бизнис администратор<br>**IV (четврто) ниво** |
| **Година на изучување** | **III (трета)** |
| **Број на часови неделно/годишно за реализација на наставната програма** | **2/72** |
| **Цели на наставна програма** | Ученикот/Ученичката:<br>- да стекне продлабочени теориски и емпириски знаења од социологијата и нивна примена во разбирањето, објаснувањето и истражувањето на реалноста;<br>- да развие компетенции и вештини за анализа и решавање на општествените процеси, појави и проблеми; |

[1] Закон за Националната рамка на квалификации.

| | |
|---|---|
| | - да се оспособи за прибирање, анализирање, проценување на идеи и концепции од релевантни податоци;<br>- да стекне комуникациски вештини за социолошки информации, идеи, проблеми и решенија кога критериумите за одлучување и решавање на дадените задачи се јасно и прецизно дефинирани;<br>- да развива социолошко критичко мислење и изведува генерализации со висок степен на независност. |
| **Модуларни единици на наставна програма** | • **ОСНОВИ НА СОЦИОЛОГИЈАТА КАКО НАУКА**<br>• **ОПШТЕСТВАТА И НИВНАТА ЕКОНОМСКА СТРУКТУРА**<br>• **ОПШТЕСТВЕНИ НЕЕДНАКВОСТИ**<br>• **КУЛТУРАТА, СОЦИЈАЛИЗАЦИЈА И ИНТЕРАКЦИАЈА**<br>• **ОПШТЕСТВЕНА СТРУКТУРА И СИСТЕМ: ГРУПИ, ОРГАНИЗАЦИИ И ИНСТИТУЦИИ**<br>• **СОВРЕМЕНОТО ОПШТЕСТВО: ПОЈАВИ И ПРОБЛЕМИ**<br>• **ОПШТЕСТВЕНИ ПРОМЕНИ** |
| **Материјално-технички и просторни услови** | -Кабинет по социологија<br>-Аудио-визуелни помагала кои се во корелација со современата настава ЛЦД проектор, компјутер, смарт табла, Интернет, табла, маркер |
| **Норматив на наставен кадар** | Наставната програма ја реализираат наставници со:<br>– завршени студии по Социологија, VII/ 1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС |

| | Модуларна единица 1: ОСНОВИ НА СОЦИОЛОГИЈАТА КАКО НАУКА ( 4+2=6 часа) | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ред. број | Резултати од учење | Содржини и поими | Активности и методи | Критериуми на оценување* |
| 1 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а да:**<br><br>- ја објаснува улогата и потребата од социологијата како наука; | **Основи на социогијата како наука: предмет и развој**<br><br>Општ преглед на развојот на социологијата како наука<br><br>Социологијата и потребата од нејзино проучување<br><br>Најзначани преставници<br><br>Дефинирање на предметот на социологијата<br><br>Процеси, појави и проблеми на проучување<br><br>**Поими:**<br><br>- Социологија, општество, процеси, појави и проблеми | **Презентација** на податоци врзани за социологијата како наука.<br><br>**Работа во група**: во однос на темата: *Во какво општество би сакале да живеат*? **Дискусија** за карактеристиките на општеството.<br><br>**Проекција на кус филм** (5 мин) со приказ на предметот на социологијата<br><br>https://www.youtube.com/watch?v=LK5J0-cM-HE<br><br>**Анализа на филмот** со воочување на клучните специфики на предметот на социологијата преку табеларен приказ. | **Ученикот/ученичката може да**:<br><br>1.1 Го идентификува предметот на социологијата како наука;<br><br>1.2 Го идентификува развојот на социологијата како наука;<br><br>1.3 Набројува најзначајни претставници;<br><br>1.4 Дава примери за процесите, појавите и проблемите во општеството. |

* Внесени се стандарди/индикатори за постигнување на резултатите од учењето врз основа на кои се определуваат критериумите за оценување.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **2.** | **-** објаснува теориски пристапи во социологијата, дава примери за објективниот и субјективниот пристап во истражувањето на општеството; | **Теориски пристапи во социологијата**<br><br>Дефинирање на теоријата во социологијата<br><br>Теориските пристапи во социологијата<br><br>Структурно-функционалистичкиот пристап<br><br>Конфликтниот пристап<br><br>Симболичко-интеракционистичкиот пристап<br><br>**Поими:**<br><br>- теорија, теориски пристап, општествена структура | **Анализа на текст:** текстови блиски до учениците и нивниот секојдневен живот. Дополнително, преку сет прашања се поврзуваат теориските пристапи со дадената општествена реалност и меѓусебно се компарираат и сумираат преку **грозд техника**. | 2.1 Дефинира што е теорија и теориски пристапи во социологијата;<br><br>2.2 Објаснува теориски пристапи во социологијата;<br><br>2.3 Класифицира теориски пристапи во социологијата;<br><br>2.4 Прави споредба на предностите и недостатоците за секој теориски пристап во однос на нивната практична применливост. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3. | - дефинира методолошки пристапи во социологијата, класифицира и проценува проблеми; | **Методолошки пристапи во социологијата**<br><br>Поим за метод, Основни методолошки пристапи во социологијата; Видови на социолошки истражувања, Етика на истражување.<br><br>**Поими:**<br><br>- социолошко истражување,<br><br>- истражувачки метод | **Индивидуална работа:** По зададени насоки истражуваат на интернет и презентираат на часот.<br><br>**Работа во група**: изработка на истражувачки проект (по избор). | 3.1 Препознава метод и методолошки пристап;<br><br>3.2 Објаснува методоошки пристапи во социологијата;<br><br>3.3 Класифицира методолошки пристапи во социологијата;<br><br>3.4 Прави споредба на предностите и недостатоците за секој методолошки пристап во однос на нивната практична применливост. |
| 4. | - разликува фази на истражувањето, одредува и применува методи и техники на истражување;<br><br>- ја анализира социологијата во секојдневниот живот. | **Фази, методи, техники во социолошките истражувања и апликација во секојдневниот живот**<br><br>Фази на истражување (дефинирање на предметот на истражување, цели на истражувањето, операционализација на истражувањето, хипотези на истражувањето, собирање на податоци, обработка и анализа на податоци, | Преку **фотографии** се воочува социологијата во нивниот секојдневен живот и при тоа, пишуваат **есеј** во врска со тоа.<br><br>**Дебата**: воочете социолошки проблем од вашето опкружување и аргументирајте.<br><br>**Презентација** за причините и последиците во врска со избраниот социолошки проблем. | 4.1 Ги презентира и води сметка за фазите на истражување;<br><br>4.2 Споредува својства на методи и техники на истражување во социологијата;<br><br>4.3 Ја опишува социологијата во своето секојдневие;<br><br>4.4 Дава примери за социолошки проблеми од секојдневниот живот и применува методи и |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | пишување извештај).<br>Стратегии за собирање на податоци; Методи и техники за собирање на податоци во социолошките истражувања<br><br>Практицирање на социологијата во секојдневниот живот;<br><br>Практична примена на социолошката имагинација и социолошката перспектива и методологија.<br><br>**Поими:**<br><br>- практицирање,<br>- примена,<br>- социолошка имагинација,<br>- социолошката перспектива,<br>- анкета,<br>- интервју,<br>- набљудување,<br>- анализа на содржина,<br>- фокус групи,<br>- студија на случај | За **домашна задача** се скицира социолошко истражување на избран социолошки проблем, процес, појава. | техники на истражување;<br>4.5 Аргументира и истражува социолошки проблеми од секојдневниот живот со примена на методи и техники на истражување. |

| | Модуларна единица 2: ОПШТЕСТВАТА И НИВНАТА ЕКОНОМСКА СТРУКТУРА (7+3=10) | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Ред. број** | **Резултати од учење** | **Содржини и поими** | **Активности и методи** | **Критериуми на оценување*** |
| 1 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а да:**<br><br>- ги идентификува типовите општества според нивните карактеристики; | **Типови на општествата и нивните карактеристики**<br>- Типови на општества: обиди за класификации во социологијата (критериуми за распределување)<br>- Класификација на типови на општества со нивните карактеристики според: технолошкиот развој, историскиот аспект, социо-економскиот белег, степенот на приемливост на промени.<br><br>Типологии на општествата во рамките на социолошката теорија (типологиите на: Херберт Спенсер,Фердинанд Тенис, Емил Диркем, Талкот Парсонс). | -**Сложувалка**: измешан редослед на општествата напишани на ливчиња.<br><br>-**Групна работа**: ги спојуваат критериумите со видот на општеството и образложуваат како ја направиле селекцијата.<br><br>-Табелата за класификација на општествата се запишува на табла (или слајд на компјутер), се наведуваат примери за секој тип на општество.<br><br>-**Дискусија** за карактеристиките и спецификите на наведените општества со акцент на клучните поими. | **Ученикот/ученичката може да:**<br><br>1.1 Ги идентификува типовите општества според нивните карактеристики;<br><br>1.2 Ги класифицира општествата според критериуми на поделба и карактеристики;<br><br>1.3 Дава примери за типови на општества според нивните карактеристики;<br><br>1.4 Ги анализира спецификите на општествата одделно и прави компарација. |

* Внесени се стандарди/индикатори за постигнување на резултатите од учењето врз основа на кои се определуваат критериумите за оценување.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **Поими:**<br>- класификации, еволутивна класификација,<br>- механичка солидарност, органска солидарност,<br>- заедница и општество,<br>- примитивно, традиционално, модерно | | |
| 2 | - ги објаснува карактеристиките на ловечко-собирачките општества и земјоделските и сточарските општества; | **Ловечко-собирачки и Земјоделски сточарски општества**<br>Издвојување на клучните економски и социјални карактеристики на Ловечко-собирачки општества, Земјоделски и сточарски општества<br><br>**Поими:**<br>- номади, полуномади,<br>- архетип, трампа, трговија,<br>- орда, племе, семејна заедница,<br>- матријархат, патријархат, | -**Проекција на кус филм** (10 мин) со анимиран приказ за развојот на човештвото и карактеристиките на општествата<br><br>https://www.youtube.com/watch?v=dGiQaabX3_o<br><br>**Анализа на видео материјалот** со воочување на клучните специфики преку табеларен приказ (компарација меѓу општествата)<br><br>- **Венов дијаграм** издвојување на клучните економски и социјални белези на општествата | 2.1 Ги идентификува карактеристиките на општествата од аспект на економски и институционален развој;<br>2.2 Ги опишува карактеристиките на општествата од аспект на економски и институционален развој;<br>2.3 Објаснува како доаѓа до промена на општествените системи;<br>2.4 Ги анализира карактеристиките на двата типа на општества |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | автархичност | | и начинот на кој настануваат промените. |
| 3 | - ги објаснува и анализира карактеристиките на традиционалните и модерните општества од аспект на економски и институционален развој; | **Традиционални и модерни општества**<br><br>Клучни економски и социјални карактеристики на традиционалното општество; Подтипови на традиционалните општества (племенски дружини, федерации, градови- држави, империјални системи).<br><br>Клучни економски и социјални карактеристики на модерното општество; Специфичен тип на општествена организација (институционализација и специјализација)<br><br>Потенцирање на факторите за промена и модернизација | За **домашна работа** учениците го гледаат истиот филм од претходниот час со акцент на вториот дел.<br><br>https://www.youtube.com/watch?v=dGiQaabX3_o<br><br>**Самостојно ги анализираат** спецификите на содржината посветена на традиционалните и модерните општества<br><br>На часот ги презентираат согледувањата. Се дополнува табелата со новите податоци.<br><br>**Дискусија** : Во кој правец се развиваат современите општества?Како го замислувате општеството во иднина? | 3.1 Ги идентификува карактеристиките на општествата од аспект на економски и институционален развој;<br><br>3.2 Ги опишува карактеристиките на општествата од аспект на економски и институционален развој;<br><br>3.3 Објаснува како доаѓа до промена на општествените системи;<br><br>3.4 Предвидува како ќе се развиваат општествата во иднина. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **Поими:**<br><br>- модерна<br><br>- институционализација<br><br>- општествена промена, носители на општествени промени, модернизација, традиционално семејство,<br><br>- урбанизација, индустријализација, нуклеарно семејство | | |
| 4 | - определува и анализира поделба на труд и пазар на труд; | **Поделба и пазар на трудот**<br><br>- Определба на поимот труд, - видови на труд, поделба на трудот (критериуми на поделба: социопрофесионална поделба, техничка поделба)<br><br>- Интернационализација на поделба на трудот, поим и значење | **Бура на идеи** за поимот труд, Видови на труд.**Користење аудио-визуелни** помагала за презентација на фотографии со различни професии (мануелни, немануелни занимања за идентификување).<br><br>**Работа во групи** учениците прават листа на занимања и ги подредуваат според вредноста која ја имаат на пазарот на трудот. Ги анализираат факторите кои влијаат на вреднувањето на трудот во современите општества. Анализираат огласи за работа, што | 4.1 Дефинира труд, поделба на труд, пазар на труд;<br><br>4.2 Идентификува поделба и пазар на труд;<br><br>4.3 Дава примери за поделба и видови на труд;<br><br>4.4 Анализира пазар на труд со специфики и проценува што се бара на пазарот на трудот. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - Поим и специфики на пазар на труд<br><br>- Детски труд како форма на труд, злоупотреба на детски труд<br><br>**Поими**:<br><br>-Труд, платен/неплатен труд, умствен/физички, производен/услужен<br><br>-труд во различни сектори, работоспособно население | се бара, што се нуди.<br><br>**Дискусија** за детскиот труд и негова злоупотреба низ општествата | |
| 5 | - прави разлика меѓу формална и неформална економија и ја наоѓа поврзаноста меѓу економијата и невработеноста; | **Формална и неформална економија**<br><br>**Вработеност и невработеност**<br><br>-Определба на економијата, Видови на економија: формална, неформална (сива), економија на знаење;<br><br>- Вработеност и | **Дијалошка форма** : одвојување на формално од неформално со примери од секојдневие (образование,стил на облекување, ситуација, комуникација и сл), Акцент на неформална (сива) економија.<br><br>**Работа во групи,** анализа на текстови за различни економии(општества кои се поразвиени и понеразвиени, приказни од секојдневие во кои се препознаваат факторите и последиците од невработеноста ) со акценат | 5.1 Опишува формална и неформална економија, вработеност и невработеност;<br><br>5.2 Идентификува видови на невработеност и последици од невработеноста;<br><br>5.3 Објаснува каква е поврзаноста меѓу економијата и |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | невработеност како економски и социјален фактор за развиток на пштеството<br><br>- Самовработеност<br><br>**Поими:**<br><br>-формална, неформална економија<br><br>-вработеност, невработеност (технолошка, демографска, структурална невработеност, невработеност предизвикана од економска криза<br><br>- причини и последици од невработеноста, стапка на невработеност | на вработеност-невработеност<br><br>**Презентација** причините и последиците од невработеноста, стапка на невработеност | невработеноста;<br><br>5.4 Опишува како некои општества го решаваат проблемот со невработеноста. |
| 6 | - ја анализира поврзаноста на технологијата и економијата од аспект на влијанието врз индивидуата; | **Технологиите и економијата** Значењето на технологијата и нејзиниот напредок врз економијата. Воведување на автоматизација и роботизација. Специјализацијата како нужност на современите | **Индивидуална работа**:По зададени насоки уениците **истражуваат на интернет** работен процес во кој има автоматизирано и роботизирано производство и го споредуваат со мануелно (пр. автомобилска индустрија, банка, прехрамбена индустрија и сл)<br><br>**Дневник во две колони**: Учениците ги | 6.1 Дефинира автоматизација, специјализација, роботизација, алиенација, дехуманизација;<br><br>6.2 Прави разлика помеѓу |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | технологии; Новите информатички технологии, економијата и индивидуата.<br><br>**Поими:**<br>-масовно производство,<br>-индустријализација<br>-исклученост, дехуманизација<br>Отуѓување (алиенација)<br>- информатички технологии | запишуваат карактеристиките на производен процес во фабрика со автоматизирано и роботизирано производство наспроти мануелното со цел да ги согледаат придобивките и последиците и презентираат на часот.<br><br>**Дискусија** на тема или **домашна задача**: „Иднината на луѓето во светот на машините и роботите“ | придобивките и последиците од автоматизацијата, специјализацијата и роботизацијата;<br><br>6.3 Објаснува како автоматизацијата, специјализацијата и роботизацијата влијаат на човекот;<br><br>6.4 Дава краток преглед на развојот на технологијата и нејзиното влијание врз економијата. |
| 7 | - ги идентификува и аргументира општествено-економските фактори за избор на професија. | **Општествено-економски фактори при избор на професија**<br>-Општествено-економски фактори за избор на професија (материјални, семејни, развој на општеството или можности кои ги нуди) | **Дебата** на тема„ Материјалниот фактор е пресуден за изборот на професија“ се делат во групи со спротивен став и искажуваат аргументи за одбрана на ставот<br><br>**Домашна работа,Есеј** на тема : “Фактори кои влијаат на изборот на мојата идна професија“ | 7.1 Ги идентификува општествено-економските фактори за избор на професија;<br><br>7.2 Ги објаснува општествено-економските фактори за избор на професија; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | -Карактеристики на општеството на знаење.<br>-Знаењето и вештините како капитал и предуслов за извршување  професиите во современите општества<br>Професија, занимање<br><br>**Поими:**<br>- професија,<br>- занимање,<br>- општество на знаење | | 7.3 Дава примери за општествено-економските фактори за избор на професија;<br>7.4 Ги анализира општествено-економските фактори за избор на професија;<br>7.5 Критички размислува и аргументира за општествено-економските фактори при изборот на професија и нуди решенија. |

| | Модуларна единица 3: ОПШТЕСТВЕНИ НЕЕДНАКВОСТИ (5+2) | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ред. број | **Резултати од учење** | **Содржини и поими** | **Активности и методи** | **Критериуми на оценување*** |
| 1 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а да:**<br><br>- ги дефинира поимите и факторите на општествена стратификација и диференцијација; | **Поим, видови и фактори на општествената стратификација и диференцијација**<br><br>- Општеството, стратификацијата и диференцијацијата<br><br>- Потекло и причини за општествената стратификација, диференцијација<br><br>- Фактори на општествената стратификација: богатство, моќ и углед (престиж)<br><br>- Типови на стратификациски системи во зависност од општествените положби (статуси) пропишана и постигната положба<br><br>Кастински систем, Сталешки системи, Класни системи | Преку **бура на идеи** се објаснува етимолошкото значење на термините стратификација и диференцијација.<br><br>**Анализа на текст**: Се користи извадок од литература и се анализира (по избор)<br><br>(Пр. Колибата на Чичо Том)<br><br>Работа во групи: Секоја група добива различна задача за анализа на текстот (пр. причини, општествено-економски околности, денашна состојба и сл.)<br><br>**Дискусија** за причините за нееднаквост на глобално ниво и анализа на теориските концепции<br><br>**Анализа** на општествените нееднаквости на локално ниво како последица на глобалните | **Ученикот/ученичката може да:**<br><br>1.1 Ги дефинира поимите стратификација и диференцијација;<br><br>1.2 Ги објаснува поимите стратификација и диференцијација;<br><br>1.3 Ги толкува поимите стратификација и диференцијација;<br><br>1.4 Ги анализира поимите стратификација и диференцијација. |

* Внесени се стандарди/индикатори за постигнување на резултатите од учењето врз основа на кои се определуваат критериумите за оценување.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - Теории за општествената стратификација (класната теорија на Карл Маркс, Макс Вебер), Функционалистичка наспроти конфликтна теорија<br><br>- Стратификациска скала, пирамида<br><br>- Глобална стратификација<br><br>**Поими:**<br><br>- стратификација, диференцијација,<br><br>- положба,<br><br>- ретки ресурси,<br><br>-Затворени и отворени стратификациски системи<br><br>-егалитарни општества<br><br>-глобални и локални нееднаквости | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2 | - ги идентификува видовите на општествена нееднаквост и ги објаснува економската и културната нееднаквост; | **Економска и културна нееднаквост**<br><br>- Видови на општествена нееднаквост<br><br>- Карактеристики на економската нееднаквост; Карактеристики на културната нееднаквост<br><br>**Поими:**<br><br>- Сиромаштија, апсолутна и релативна сиромаштија<br><br>- исклученост, фатализам, девијации, многудетни емејства...<br><br>- култура на зависност, културни елити, културна маса<br><br>(фактори: класа, пол, возраст, расна припадност) | **Бура на идеи:** Каква емоција ви создава зборот нееднаквост?<br><br>**Работа во 2 групи**<br><br>Обработка на стории по примери на апсолутно и релативно сиромашен човек/семејство од РМ со цел согледување на карактеристиките<br><br>**Дискусија:** дали културните разлики се однесуваат на разликите во образованието и достапноста на културните добра? Дали секој стратум има „свои“ културни белези? | 2.1 Ги идентификува видовите на општествена нееднаквост и причините за економска и културна нееднаквост;<br><br>2.2 Ги толкува причините и последиците од економската и културната нееднаквост;<br><br>2.3 Дава примери за последици од економските нееднаквости и сите сфери во кои имаат влијание;<br><br>2.4 Анализира колкаво е влијанието на економската положба врз целокупниот живот во општеството. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3 | - го објаснува потеклото и причините за родовата нееднаквост; | **Родова нееднаквост**<br><br>-Општеството и родоваата нееднаквост<br><br>- Значење на терминот род<br><br>Причинии и последици од родовата нееднаквост во современото општество<br><br>**Поими:**<br><br>-Род и пол<br><br>- Родова сензибилизација<br><br>- Родова стигматизација<br><br>-Родови улоги и положби | **Интервју** :родова социјализација во семејството, **анализа** на реклами со акцент на родови улоги.Цел: да се согледа општествената улога во родовите нееднаквости<br><br>**Дискусија** за содржината на роман, текст по избор<br><br>(предлог :„Ана Каренина" - дали хероината во романот би постапила исто во современото општество?)<br><br>**Разговор** за факторите кои влијаат на создавање родови разлики<br><br>**Есеј**: „ Не/Оправданоста на родовите разлики" | 3.1 Ги издвојува и опишува потеклото и причините за родовата нееднаквост;<br><br>3.2 Го сфаќа различниот однос/став кон родовите разлики во различни општества;<br><br>3.3 Дава примери за влијанието на родовите разлики во секојдневието и ги проценува последиците од нив;<br><br>3.4 Анализира актуелни родови нееднаквости. |
| 4 | - ги анализира причините и последиците од етничката нееднаквост; | **Етничка нееднаквост**<br><br>-Општеството и етничката нееднаквост,<br><br>-Етничката нееднаквост како социолошки феномен, | **Илустрација** за стереотип, предрасуда, дискриминација<br><br>Стереотип е семка и корења, предрасудата е стебло а дискриминацијата е крошната од дрвото. Колку длабоко се посадува семката толку поголемо е дрвото. | 4.1 Ја оопишува етничката нееднаквост;<br><br>4.2 Ги идентификува причините и последиците од етничката нееднаквост;<br><br>4.3 Ја поврзува општествената |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | – Причинии и последици од етничката нееднаквост во современото општество<br><br>-Етнички идентитет; Стереотипи, предрасуди, дискриминација кон етнички различните<br><br>**Поими:**<br><br>- етничност, етничка припадност, етничка група<br><br>- Стереотипи, предрасуди, дискриминација,<br><br>- етноцентризам, културен реалтивизам, космополитизам | Илустрираат преку „свое“ дрво колку длабоко им се всадено стереотипите.<br><br>**Барометар** местото на националниот идентитет во градењето на идентитетот на современиот човек.<br><br>**Опис** на поединец етноцентрист, културен релативист и космополит. Согледување на негативните страни на етноцентризмот. | средина со создавањето на нееднаквостите врз основа на етничка припадност;<br><br>4.4 Зазема став, проценува како треба да се надмине етничката нееднаквост. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 5 | - ја анализира општествената подвижност. | **Општествена подвижност**<br><br>-Значење на поимот Општествена подвижност.<br><br>- Видови на општествена подвижност:вертикална и хоризонтална,внатрегенерациска, меѓугенерациска подвижност, Општествената подвижност во модерните општества<br><br>**Поими:**<br><br>- Вертикална , хоризонтална<br>- внатрегенерациска, меѓугенерациска подвижност<br>- кохезија<br>-животни шанси | **Анализа на текст**: претходно подготвен текст за две семејства со различна социјална положба и видливи карактеристики на општествената подвижност.<br><br>**Игра на улоги** 10 тина ученици имаат улога на возрасни со различен социјален статус и потекло. Стојат на иста линија и според приказната за нивниот лик се поместуваат чекор напред или назад на замислената стратификациона линија. Целта е на лице место да ги воочат причините и факторите за положбата но и можностите кои влијаат на подвижноста | 5.1 Ги идентификува видовите на општествената подвижност;<br><br>5.2 Га објаснува видовите на општествената подвижност;<br><br>5.3 Дава примери за општествена подвижност;<br><br>5.4 Критичка анализа на можностите за општествена подвижност. |

| | Модуларна единица 4: КУЛТУРА, СОЦИЈАЛИЗАЦИЈА И ИНТЕРАКЦИЈА (5 +3= 8) | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ред. број | Резултати од учење | Содржини и поими | Активности и методи | Критериуми на оценување* |
| 1 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а да:**<br><br>- ја опишува културата како особен начин на живот според кој луѓето се разликуваат од други живи суштества и развива толеранција кон други култури; | **Определба и елементи на култура**<br><br>- Определба на поимот култура<br><br>- Човекот и културата<br><br>- Елементи на културата<br><br>- Општеството и културата<br><br>**Поими:**<br>- култура<br>- симболи<br>- херои<br>- ритуали<br>- вредности | **Бура на идеи**: се активираат претходните знаења на учениците, со клучен термин култура се насочуваат да откријат што се опфаќа културата и да се определи поимот култура<br>**Сложувалка:** со однапред подготвени текстови со соодветна содржина која одговара на четирите елементи на култура, се идентификуваат и објаснуваат сличностите и разликите на понудените култури и елементите кои се заеднички за сите култури<br>**Работа во парови** - учениците изготвуваат ранг листа за значењето и применливоста на заеднички елементи на култура<br><br>**Дискусија:** Културата и младите во современото општество | **Ученикот/ученичката може да:**<br>1.1 Го дефинира поимот култура и препознава елементи;<br>1.2 Ги објасни заедничките елементите на културата;<br>1.3 Дава примери поврзани со културата и презентира факти за сопствените сфаќања за културата;<br>1.4 Ги поврзува елементите кои се заеднички за сите култури и елементите кои се карактеристични за посебните култури и дава примери. |

* Внесени се стандарди/индикатори за постигнување на резултатите од учењето врз основа на кои се определуваат критериумите за оценување.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2 | **-** ги толкува видовите култури со препознавање на разликите меѓу нив; | **Видови култура**<br><br>- Видови на култура (материјална и нематеријална)<br><br>- Компоненти на нематеријална култура<br><br>- Супкултура и контракултура<br><br>- Глобална култура<br><br>**Поими:**<br>- материјална култура<br>- нематеријална култура<br>- супкултура<br>- контракултура<br>- глобална култура | Преку **видео материјал** со соодветна содржина се воочуваат разликите на културите и нивните карактеристики<br><br>**Анализа на текстови:** на претходно избрани текстови со соодветна содржина за супкултура, контракултура и глобална култура. Учениците ги определуваат поимите, презентираат за воочените карактеристики од анализа на текстовите и **дискутираат** за примери од непосредната средина.<br><br>**Венов дијаграм:** за две култури по сопствен избор, се наведуваат посебените карактеристики на двете култури, идентификуваат нивните сличности и се дава пример за сопствената култура<br><br>**Домашна задача: Есеј** - На кои супкултури припаѓате | 2.1 Идентификува видови на култура;<br>2.2 Објаснува и дискутира за видови култура со користење на примери од секојдневниот живот;<br>2.3 Прави разлика помеѓу културите со аргументирано објаснување за нивните карактеристики;<br>2.4 Дава примери од сопственото опкружување и има сопствен став за доминантанта култура, супкултурата и контракултура. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3 | - објасни дека социјализацијата е процес преку кој се оформува личноста во општествената заедница на која припаѓа и пошироко; | **Социјализација**<br><br>-Поим на социјализација<br><br>-Агенси и фази на социјализацијата<br><br>-Видови на социјализацијата (да се наведат и објаснат)<br><br>-Социјализацијата и фази во развојот на личноста<br><br>**Поими:**<br>- социјализација<br>- агенси на социјализацијата<br>- детство, адолесценција, зрелост, старост<br>- примарна и секундарна социјализација<br>- семејство, детски групи, училиште, средствата за масовна комуникација, религија | **Текст метода:** деца кои не го поминале процесот на социјализацијата, за определба на поимот социјализација<br><br>**Венов дијаграм:** да се идентификуваат, набројат агенсите на социјализација, да се објасни нивната улога, споредат карактеристиките на примарната и секундарната социјализација и да се прецизираат заеднички елементи<br><br>**Социодрама**: актерите манифестираат однесување на одреден периоди во развој на личноста: детство, младост, зрелост и старост; се дискутира за карактеристиките за секоја фаза од развој на личноста и гради сопствен став<br><br>**Грозд техника:** за рефлексија, клучен поим социјализација - се разгрануваат агенси и нивни карактеристики и следи презентација,се проверува стекнатото знаење<br><br>**Есеј** -Улогата на социјализацијата во животот на поединецот | 3.1 Го идентификува поимот социјализација со препознавање на агенси на социјализацијата;<br>3.2 Сфати дека човековата природа е производ на општествената средина;<br>3.3 Објасни како влијае социјализација на фазите во развој на личноста;<br>3.4 Гради ставови и го оценува прифатливото однесување на поединецот во општеството. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4 | **-** го процени влијанието на интеракцијата и се вклучува како активен чинител во опкружувањето; | **Интеракција – поим, видови и форми на интеракција**<br><br>- Определба на поимот општествена интеракција<br><br>- Видови -типови на општествена интеракција (интеракција која ги здружува луѓето и интеракција која ги раздвојува)<br><br><br>**Поими:**<br>- интеракција<br>- размена (реципроцитет, субординација, доминација )<br>- кооперација<br>- натпреварување<br>- конфликт | **Индивидуална работа**: по претходни упатства за примена на Маслова петтостепена хиерархија на подреденост на потребите, која им е дадена по испревртен редослед, учениците прават своја петостепена хиерархија, ја споредуваат и сфаќаат дека за да ги задоволат потребите неопходно е да стапат во комуникација и интеракција со другите луѓе.<br><br><br>**Работа во две групи** - примена на текстови за видови на интеракција, од кои се утврдуваат формите и карактеристики на соработка, размена, натпревар, се истакнуваат причините кои доведуваат до појава на конфликт, негово решавање и надминување. Учениците наведуваат примери од секојдневниот живо.<br><br>**Домашна задача:** Значењето на општествената интеракцијата за нормално функционирање на општеството | 4.1 Идентификува факти за општествената интеракција;<br>4.2 Ги објаснува видовите на општествена интеракција;<br>4.3 Проценува кој вид интеракција е соодветен за конкретна интеракција;<br>4.4 Анализира облици и видови на интеракција. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 5 | - ги илустрира видовите општествена интеракција и да развива свои идеи за однесувањето во секојдневниот живот. | **Општествената интеракција и секојдневниот живот**<br><br>-Проучување на секојдневниот живот<br><br>-Невербална и вербална комуникација<br><br>- Концентрирана и неконцентрирана интеракција<br><br>**Поими:**<br>- вербална комуникација<br>- невербална комуникација<br>- концентрирана интеракција<br>- неконцентрирана интеракција | **Аудио – визуелни помагала:** на кои се понудени соодветни слајдови за неопходноста од секојдневна комуникација и интеракција<br><br>Се **Симулираат** изрази на лице: Ученици се пријавуваат да учествуваат во експеримент. Се послужуваат со парчиња лимон кои ги дегустираат. Останатите ученици ги снимаат нивните реакции –изрази на лице, ги анализираат и заклучуваат дека сите учесници прават фацијална експресија што изразува „киселост“.<br><br>**Групна работа**: примена на текстови со соодветна содржина, учениците поделени во четири груп прават ги идентификуваат и согледуваат разлика помеѓу вербална и невербална, концентрирана и неконцентрирана комуникација и го толкуваат значењето на комуникацијата како основа за интеракција во секојдневниот живот<br><br>**Домашна задача: Есеј -** Интеракцијата во секојдневниот живот | 5.1 Препознава, видови на општествена интеракција и начини на комуникација во секојдневниот живот;<br>5.2 Ги објасни видовите на општествена интеракција во секојдневниот живот;<br>5.3 Дава примери за улогата на интеракцијата во животот на поединецот;<br>5.4 Креира сопствени ставови за општествените правила во секојдневната комуникација. |

| | Модуларна единица 5: ОПШТЕСТВЕНА СТРУКТУРА И СИСТЕМ: ГРУПИ, ОРГАНИЗАЦИИ И ИНСТИТУЦИИ (7+3=10) | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Ред. Број** | **Резултати од учење** | **Содржини и поими** | **Активности и методи** | **Критериуми на оценување*** |
| 1 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а да:**<br>- го идентификува групирањето како закономерна појава и наведува примери за општествено групирање; | **Поим и видови на општествени групи**<br>- Поим и карактеристики на општествена група<br>- Типови на општествено групирање<br>- Видови општествени групи<br>**Поими:**<br>- општествени група<br>- општествени агрегат<br>- општествени категории<br>- мали групи<br>- големи групи<br>- ограничени групи<br>- примарни групи<br>- секундарни групи<br>- референтни групи | **Бура на идеи** – *Зошто е потребно луѓето да се групираат?* Со наведување причини, потреби, интереси и цели за живеење на луѓето во група.<br>**Видео материјал:** по кој следува дискусија за идетификација, препознавање и карактеристики за видови на општествено групирање: општествени групи, агрегати и категории<br>**Сложувалка:** со однапред подготвени текстови, учениците поделени во шест групи се насочуваат да ги согледаат и објаснат карактеристиките на општествените групи и да се | **Ученикот/ученичката може да:**<br>1.1 Ги идентификува општествените групи;<br>1.2 Ги објасни критериумите според кои се класифицираат општествените групи;<br>1.3 Дава примери за потребата од општествено групирање;<br>1.4 Ги анализира и да ги споредува општествените групи, при што наоѓа врска меѓу нив. |

* Внесени се стандарди/индикатори за постигнување на резултатите од учењето врз основа на кои се определуваат критериумите за оценување.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | произнесат<br><br>**Техника Грозд**: клучен поим *општествени групи*, за рефлексија | |
| 2 | - ги објасни видовите на општествени организации и да дава примери; | **Определба на општествената организација**<br>- Видови на општествена организација<br><br>- Карактеристики на општествената организација<br><br>- Веберовиот концепт на бирократијата<br><br>- Функционирање на бирократската организација<br><br>**Поими:**<br>- општествена организација<br>- формални организации<br>- неформални организации<br>- бирократија | **Аудио – визуелни помагала:** на кои се понудени соодветни слајдови за одредени техничко-технолошки достигнувања за определба на општествена организација<br><br>**Венов дијаграм**: се идентификуваат видовите на општествени организации, нивни карактеристиките , се прави споредба и се даваат примери од секојдневен живот<br><br>**Текст метода**: се анализира текст за Веберовиот концепт за бирократија, се прецизираат и одвојуваат крактеристиките на бирократијата и учениците даваат свое мислење<br><br>**Домашна задача:** Улогата на | 2.1 Го дефинира поимот општествена организација и да ја препознава потребата од општествена организација;<br>2.2 Ги објасни општествените организации и функционирањето на бирократската организација;<br>2.3 Илустрира примери за видови општествена организација и прави суштински разлики помеѓу нив;<br>2.4 Заклучува и има сопствен критички став во врска со општественото организирање и неопходноста во секојдневното живеење |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | формалните и неформалните организации во животот на човекот | |
| 3 | - прави разлика меѓу општествените институции;<br><br>- ги објаснува економските институции, нивните поделби, карактеристики и нивното влијание во секојдневниот живот; | **Општествени институции – Економски институции**<br><br>- Определба и видови на поимот општествена институција<br><br>- Определба на економски институција<br><br>- Прединдустриски економски структури - карактеристики<br><br>- Индустриски економски структури -карактеристики<br><br>- Постиндустриски економски структури - карактеристики<br><br>**Поими:**<br>- економија<br>- примарен сектор<br>- секундарен сектор<br>- терциерен сектор | **Бура на идеи:** клучен термин *општествени институции*, за определба и видови на општествени институции<br><br>**Аудио – визуелни помагала:** преку документарни филмови, се препознаваат, идентификуваат и се прави разлика  и одвојуваат карактеристиките на: прединдустриски, индустриски и постиндустриски институции.<br><br>**Дискусија:** за постиндусриски структури и нивни карактеристики, технолошкиот развој неговите придобивки и последици и се даваат примери | 3.1 Препознава и дефинира различни институции во општеството;<br>3.2 Ги објасни економските институции;<br>3.3 Илустрира примери за прединдустриски, индустриски и постиндустриски економски структури;<br>3.4 Дава примери од примарниот, секундарниот и  терциерниот сектор и ја проценува  разлика помеѓу нив. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4 | - го објасни семејството како најстара, најтрајна, релативно најстабилна општествена институција која е присутна во сите општества; | **Семејство**<br><br>-Поимно определување на семејството<br><br>-Функции на семејството<br><br>-Семејството и општеството<br><br>**Поими:**<br>-брак<br>-семејство<br>-сродство (роднинство) | **Петторед:** со клучен термин *семејств*о, за определба и дефинирање на поимот семејство<br><br>**Групна работа:** учениците прават анализа на текстови, ги одвојуваат и истакнуваат најзначајните функции на семејството и нивните карактеристики и имаат свои мислења за истите<br><br>**Каменот што зборува:** учениците го опишуваат и определуваат семејството според свое видување | 4.1 Го дефинира и објаснува значењето на поимот семејството како примарна, фундаментална, основна општествена група;<br>4.2 Ја опишува и согледува заемната поврзаност меѓу бракот, семејството и роднинството;<br>4.3 Ги илустрира најбитните функции на семејството;<br>4.4 Ја анализира заемната поврзаност помеѓу бракот, семејството и роднинство и дава примери од секојдневниот живот. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 5 | - објаснува како функционирало семејството во минатото, како денеска во современото општество и дава примери од своето опкружување; | **Современо и традиционално семејство**<br><br>- Форми на бракот и семејството<br><br>- Семејството во современото општество (традиционално и современо)<br><br>**Поими:**<br>- традиционално семејство<br>- современо семејство<br>- матријархално семејство<br>- патријархално семејство<br>- егалитарно семејство<br>- полигамија (полиандрија и полигинија)<br>- многамија<br>- кохабитација | **Социодрама** - со играње на улоги на две семејства, се симулираат карактеристиките на традиционалното и современото семејство, се препознаваат и идентификуваат функциите и карактеристиките . Се прави графичка обработка и се прикажува и коментира<br><br>**Дискусија**: за семејниот авторитет денес и во минатото, откривајќи ги притоа основните карактеристики на современото семејство<br><br>**Дебата:** „за“ и „против“ Улогата на семејството во современото општество<br><br>**Есеј:** Улогата на семејството во модерното општество<br>-Семејството некогаш и денес | 5.1 Ги идентификува разликите меѓу форми на бракот: полигамија (полигинија и полиандрија) моногамија;<br>5.2 Ги објасни карактеристиките на традиционалното и современото семејство;<br>5.3 Ги разликува матријахалното, патријахалното и егалитарното семејство;<br>5.4 Анализира разлики меѓу граѓанскиот и обичајниот брак и ги селектира карактеристиките на семејството во современото општеството. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 6 | - го проценува и анализира значењето на религијата за човекот и воспоставува толерантност кон религиските различности; | **Религија**<br><br>-Определба и составни елементи на религијата<br><br>-Општествените функции на религијата<br><br>-Фази и видови на религии и религиски организации<br><br>-Влијанието на религијата во модерното општество<br><br>**Поими:**<br>-религија<br>- анимизам, тотемизам, политеизам, монотеизам<br>-цркви, секти, деноминаци верувањањето,чувства, ритуали, симболи<br>-емоционална функција<br>-етичка функција<br>-интегративната функцика<br>-дезинтегративната функција | **Призма**: за определба на поим религија<br><br>**Социодрама**: симулација на некој конкретен, религиски ритуал, однесување на верници и атеисти, се утврдуваат компоненти и функции на религијата<br><br>**Работа во група:** податоци од соодветни линкови, учениците се способни да прават разлика и да ги согледаат и објаснат основните карактеристики на познатите светски религии, да ги објаснува сличностите и разликите помеѓу нив и воспостават толерантност кон другите религии<br><br>**Дискусија**: потребата на религијата кај современиот човек | 6.1 Го дефинира поимот религија и ги идентификува основните елементи на религијата;<br>6.2 Ги толкува фазите и функциите на религијата;<br>6.3 Ги илустрира видовите религии, религиски организации и наведува примери;<br>6.4 Ги анализира и селектира основните карактеристики на познатите светски религии со воочување на сличностите и разликите меѓу нив. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 7 | - ја илустрира поврзаноста на образованието и општеството и наведува примери за влијанието на образованието врз општествената положба на индивидуата; | **Образованието и општеството**<br><br>- Образованието од историски аспект<br><br>- Функции на образованието<br><br>- Општествената нееднаквост и образованието<br><br>- Образованието во модерното општеството (неформално образование и доживотно учење)<br><br>**Поими:**<br>- образование<br>- неформално образование<br>- доживотно учење | **Текст метода:** учениците прават споредба за образованието некогаш и денеска. Избрани текстови (*Улица* - С.Јаневски, *Автобиографија* – Г Прличев и *Пилешка супа за душа* – Џек Кенфилд и М. Виктор Хансен*)*<br><br>**Работа во групи:** примена на соодветни подготвени тексови, учениците се насочуваат да ги објаснат функциите на образованието и да дадат примери од сопствената средина.<br><br>**Дискусија:** учениците наведуваат популарни форми на неформално образование<br><br>**Домашна задача: Есеј** – Образовниот систем во Република Северна Македонија<br>- Доживотно образование<br>- Образованието кај нас и во светот | 7.1 Ги идентификува формите на образованието;<br>7.2 Ја опишува меѓузависноста на образованието и општествениот развој;<br>7.3 Ги објасни животните шанси кои ги нуди образованието и наведува примери за влијанието на образованието врз општествената положба на индивидуата;<br>7.4 Го анализира образовниот систем во Република Северна Македонија и прави споредба со образованието во развиените земји. |

| | Модуларна единица 6: СОВРЕМЕНОТО ОПШТЕСТВО:ПОЈАВИ И ПРОБЛЕМИ ( 14+4=18 часови) | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Ред. број** | **Резултати од учење** | **Содржини и поими** | **Активности и методи** | **Критериуми на оценување***[*] |
| 1 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а да:**<br><br>**- ги** објаснува девијациите во општеството, и теориските пристапи за девијантното однесување; | **Општествени девијации, теории и девијантно однесување**<br><br>Општеството и девијациите, Нормални и патолошки појави, Причини за девијациите: биолошки, психолошки и општествени, Девијациите и социјалната контрола (Функционалната основа на нормите),<br><br>Теориски пристапи за девијантно однесување:<br><br>Видови на девијантно однесување: прекршување на законот, обичаите и однесувањето; Улогата на општествените институции во превенирање на девијантното | **Бура на идеи** за поимот девијации.<br><br>**Работа во групи: у**чениците креираат список од пет девијантни дела што можат да ги замислат. При тоа, секоја група ги анализира и сублимира во зависност од: културните вредности и културните и / или лични предрасуди. | **Ученикот/ученичката може да:**<br><br>1.1 Дефинира и објаснува (како и зошто) за девијациите во општеството;<br><br>1.2 Идентификува и споредува теориски пристапи за девијациите;<br><br>1.3 Разликува и открива девијантно однесување;<br><br>1.4 Критички размислува и решава проблеми врзани за девијантното однесување. |

[*] Внесени се стандарди/индикатори за постигнување на резултатите од учењето врз основа на кои се определуваат критериумите за оценување.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | однесување.<br><br>**Поими:**<br><br>- девијации,<br><br>- девијантно однесување,<br><br>- социјална контрола,<br><br>- стигма | | |
| 2 | **-** разликува девијантни појави, ја согледува динамиката на девијантните појави и нивните последици во реалноста; | **Девијантни појави, динамика и последици**<br><br>Девијантни појави: поим, причини, и карактеристики на:<br><br>Малолетничка деликвенција Алкохолизам<br><br>Проституција<br><br>Зависност од дрога<br><br>Хазардни игри<br><br>Организиран криминал<br><br>**Поими**:<br><br>- малолетничка деликвенција, | **Бура на идеи:** што е девијација и кои се карактеристиките на девијантните појави.<br><br>**Анализа на филм** (Pulp Fiction или A Beautiful Mind). **Дискусија**: Анализа на специфичните девијантни однесувања прикажани во филмот преку прашањата:<br><br>- каде е границата на прифатливото и нормалното?<br><br>Каква е цената на девијантното однесување и последиците од него? | 2.1 Препознава девијантна појава;<br><br>2.2 Објаснува и искажува став за секоја девијантна појава посебно;<br><br>2.3 Ја анализира динамиката на секоја девијантна појава посебно;<br><br>2.4 Критички размислува за секоја девијантна појава посебно. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - проституција,<br><br>- зависност од дрога,<br><br>- хазардни игри<br><br>- организиран криминал | | |
| 3 | **-** ги дефинира демографските стурктури и феномени во општеството, и идентификува популациона политика; | **Население и популациона политика**<br><br>Населението и општеството;<br><br>Односот на демографскиот и економскиот развој;<br><br>Теории за населението;<br><br>Структура на населението;<br><br>Демографски феномени: фертилитет, морталитет и миграции;<br><br>Популационата политика и актуелните демографски текови.<br><br>**Поими:**<br><br>- население,<br><br>- миграции, | Со техника **Мисловни мапи** се поттикнуваат учениците на размислување и поврзување на сродни поими со поимот население.<br><br>**Презентација** на демографски податоци од релевантни институции и нивна интерпретација.<br><br>Да се изработи табела со примери од секојдневието во однос на потребата и примената на популационата политика (Пример: Паралела на општини со висок и низок фертилитети согледување на пратичната примена од популационата политика. | 3.1 Опишува и го објаснува населението, демографските феномени и популационата политика;<br><br>3.2 Ги набројува и опишува демографските феномени;<br><br>3.3 Дава примери за секој демографски феномен посебно;<br><br>3.4 Анализира популациона политика, мерки и стратегии. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - популациона политика,<br><br>- попис | | |
| 4 | - го анализира движењето на населението и популациона политика во Република Северна Македонија; | **Население: движење и популациона политика во Република Северна Македонија**<br><br>Динамика на бројно движење на населението;<br><br>Природно движење на населението;<br><br>Механичко движење на населението;<br><br>Фактори на природно движење на населението;<br><br>Популациона политика во Република Северна Македонија<br><br>**Поими:**<br><br>- природен прираст,<br><br>- механички прираст,<br><br>- витални настани | **Бура на идеи**:за причините за механичко движење на населението низ развојот на општеството<br><br>**Презентација** на документи врзани за популационата политика во Репулика Северна Македонија и **дискусија** во врска со тоа.<br><br>**Есеј на тема**: *Причини поради кои би заминал / или останал во Република Северна Македонија* | 4.1 Идентификува движење на населението;<br><br>4.2 Именува, класифицира природно движење на населението;<br><br>4.3 Дава примери за фактори на природно движење на населението;<br><br>4.4 Анализира и применува популациона политика на Република Северна Македонија. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 5 | **-** ги дефинира поимите за урбанизација и животна средина, како и го објаснува градот низ просторот и времето; | **Урбанизација и животна средина**<br>Поим за урбанизација, територијални заедници, животна средина;<br>Урбанизацијата и општеството;<br>Урбанизацијата како начин на живот;<br>Раст и развој на градовите;<br>Социолошки, економски и просторни карактеристики на градот;<br>Теории за градот;<br>Социјалните проблеми и градот<br><br>**Поими:**<br>- урбанизација,<br>- град,<br>- територијални заедници,<br>- слам,<br>- гето,<br>- сегрегација | **Презентација**: на урбанизацијата во зависност од развојот на општествата.<br><br>**Работа во групи**: истражување на тема: *Урбанизацијата во богатите и сиромашните општества*. **Дискусија**: *Урбанизацијата и квалитетот на живот на модерниот човек* ( со цел да се согледаат последиците од отуѓеноста, пренаселеноста и екопроблемите). | 5.1 Ги дефинира, објаснува поимите на урбанизација и животна средина;<br>5.2 Го објаснува градот низ простор и време;<br>5.3 Дава примери за карактеристики на градот низ простор и време;<br>5.4 Анализира и зазема став за градот низ просторот и времето. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 6 | - ги дефинира поимите урбано и рурално, и го објаснува развојот на индустрискиот град; | **Урбано, рурално и индустрискиот град**<br><br>Дефинирање на поимите урбано и рурално;<br><br>Индустриски град;<br><br>**Поими:**<br><br>- урбано,<br><br>- рурално,<br><br>- индустриски град | **Бура на идеи**: за поимите урбано и рурално. Дополнително, со користење на **аудио- визуелни средства** се презентираат фотографии од индустриски град.<br><br>**Дебата**: *Фактори за раст на индустрискиот град* и да изработат **дневник** од две колони во однос на предности / недостатоци на индустрискиот град. | 6.1 Ги дефинира, објаснува поимите на урбано и рурално;<br><br>6.2 Го идентификува индустрискиот град;<br><br>6.3 Дава пример за индустриски град;<br><br>6.4 Решава проблеми врзани за индустрискиот град. |
| 7 | - ја анализира современата урбанизација, промените и проблемите на модерниот град и животната средина; | **Промени и проблеми: современата урбанизација, модерниот град и животната средина**<br><br>Општеството и современата урбанизација; Модерен град: поим, карактеристики и проблеми; | **Индивидуално**/ или **работа во групи** изработка на конкретни стратегии или политики за поттикнување на поголемо еколошко разбирање на поединците во сопственото опкружување.<br><br>**Дебата**: *Модерниот град и животната средина*, дали се | 7.1 Објаснува за современата урбанизација, модерниот град и животната средина;<br><br>7.2 Ја идентификува современата урбанизација, промените и проблемите на модерниот град и животната средина;<br><br>7.3 Дава примери за современата урбанизација, модерниот град |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Животната средина и општеството; Проблемите на животната средина: загадување, дождовни шуми, глобално затоплување, биодиверзитет;<br><br>Екосистем;<br><br>Сегашноста и иднината на животната средина<br><br>**Поими:**<br><br>- модерен град,<br><br>- екологија,<br><br>- екосистем | дава предност на личното или јавното добро | и животната средина;<br><br>7.4 Класифицира и нуди решенија за промените и проблемите на модерниот град и животната средина. |
| 8 | **-** го дефинира поимот медиум, ги идентификува видовите на медиуми и ги поврзува со даденото општество; | **Медиуми: развој, теории и типови**<br><br>Поим за медиуми;<br><br>Развој на медиумите;<br><br>Општеството и медиумите;<br>Теории за медиумите;<br><br>Типови и функции на медиуми; | **Бура на идеи:** за поимот медиум<br><br>**Работа во групи**: По зададени насоки истражуваат на **интернет** за *позитивните и негативните аспекти на медиумите* и сумираат со помош на **венов дијаграм. Анализират** сторија за бизнисмен од | 8.1 Го дефинира и објаснува поимот медиум;<br><br>8.2 Идентификува видови медиуми;<br><br>8.3 Искажува став за секој медиум посебно;<br><br>8.4 Прави споредба за предностите и недостатоците за секој медиум одделно. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Медиумите и публиката;<br><br>Медиумска писменост<br><br>Моќта на медиумите во сите сфери од општествениот живот<br><br>**Поими:**<br><br>- медиум,<br><br>- традиционални,<br><br>- нови медиуми,<br><br>- публика,<br><br>- медиумска писменост | економски и правен аспект (углед, општествена одговорност)<br><br>**Есеј на тема**: *Медиумите како носители на промени во општеството/ сопственото општество.*<br><br>**Дебата**: *Традиционалните медиуми наспроти новите медиуми.* | |
| 9 | **-** ја анализира улогата на медиумите, како и го идентификува нивното значење во современото општество; | **Медиумите во современото општество**<br><br>Улогата и значењето на медиумите во современото општество; Медиумите и социо-културниот контекст; Медиумски пораки;<br><br>Медиумите и институциите;<br><br>Регулација на медиуми | Преку **работа во групи**, учениците откриваат и анализираат разлики од еден ист настан претставен во различни медиуми (телевизија, печатот, радио, интернет). Настанот може да биде спортски натпревар, политички или јавни собир, несреќен случај, културен настан. | 9.1 Идентификува медиумски содржини;<br><br>9.2 Именува, класифицира медиумски содржини во одделни типови на медиуми;<br><br>9.3 Дава примери за разликите во начините на медиумското информирање;<br><br>9.4 Анализира и критички се однесува кон медиумите и |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **Поими:**<br>- медиумски пораки,<br>- медиумска регулација | **Дебата**: *Улогата на медиумите во конструирање на општествената реалност* | нивните содржини. |
| 10 | **-** ја објаснува и анализира улогата на медиумите во креирањето на личните ставови, вредности и перцепции за реалноста; | **Медиумите креатори на реалноста**<br>Медиумите и реалноста;<br>Медиумите креатори на ставови, вредности и перцепции<br>**Поими:**<br>- моќ,<br>- рецепција,<br>- публика,<br>- уверување,<br>- мислење | **Анализа на медиумски текст:** во однос на следниве прашања:<br>Кои ставови, вредности и перцепции се прикажани во медиумскиот текст или не се прикажани?<br>Како кај публиката се создаваат идентитети со помош на медиумите?<br>Колку и како споделувањето на социјалните мрежи (Istagram, Twitter)влијаат на креирањето на личниот идентитет?<br>Како медиумите создаваат општествени простори и учествуваат во градење на ставови, вредности и перцепции кај публиката?<br>Колку реално е објавено? | 10.1 Идентификува улога на медиуми;<br>10.2 Дискутира во однос на улогата на медиумите во креирањето на лични ставови, вредности и перцепции;<br>10.3 Согледува и зазема став за секој медиум одделно во креирањето на лични ставови, вредности и перцепции;<br>10.4 Критички размислува за секој медиум одделно во креирањето на лични ставови, вредности и перцепции. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Кои се очекувањата, предизвиците и дилемите? | |
| 11 | - да ги идентификува младите во општеството, младоста како фаза од животниот циклус; | **Младите во општеството**<br><br>Поим за младите и нивното место во современото општеството;<br><br>Социолошки пристапи кон феноменот на младите;<br><br>Младоста и животниот циклус.<br><br>**Поими:**<br><br>- млади,<br><br>- животен циклус | Преку **бура на идеи** се објаснува поимот млади.<br><br>**Дискусија** на тема: *Положбата и потребите на младите во современото општество, младите некогаш и сега (ниво на зрелост, одговорност)* | 11.1 Го објаснува поимот млади;<br><br>11.2 Ги идентификува младите во општествот;<br><br>11.3 Ги набројува и опишува социолошките пристапи за младите;<br><br>11.4 Конструктивно сугерира решенија за поголема.инклузивност на младите во современото општество. |
| 12 | - идентификува и дискутира за проблемите за младите и нивниот премин од образовните институции на пазарот на труд, и го проценува развојниот потенцијал на општеството; | **Младите, образовните институции и пазарот на трудот**<br><br>Дистрибуцијата на младите луѓе според фазата на премин;<br><br>Времетраење на преминот од образовни институции кон работа;<br><br>Образовна структура и невработеност; | Преку **грозд техника:** се издвојуваат клучни фактори за проблемите на младите.<br><br>Со техника **Агли**, се **дискутира** за *Усогласувањето на образовните политики и пазарот на трудот ќе се овозможи вработување на младите?* Преку **работа во групи** учениците размислуваат и дискутираат во однос на | 12.1 Препознава проблеми на млади;<br><br>12.2 Објаснува и искажува став за секој проблем посебно;<br><br>12.3 Илустрира заемни врски меѓу образовните институции и пазарот на трудот во општеството;<br><br>12.4 Сугерира иституционални решенија за проблемите на |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Вработеност на младите;<br><br>Односот на институциите кон младите;<br><br>Одлив на мозоци;<br><br>Мобилноста на младите во 21 век<br><br>**Поими:**<br><br>- дистрибуција на млади,<br><br>- мобилност,<br><br>- одлив на мозоци | поставеното прашање<br><br>**Дебата:** *Причини за одлив на мозоци* | младите. |
| 13 | - проценува како и на кој начин различни групи на млади учествуваат во секојдневниот живот. Идентификува политичка интеграција и активизам кај младите; | **Секојдневниот живот, активизмот и политичата интеграција на младите**<br><br>Слободното време и младите; Младински поткултури, Младински животни стилови; Младински политики;<br><br>Активизмот на младите;<br><br>Политичката интеграција на | **Работа во групи** и потоа **дискусија** за темата: *Политичкото учество на младите и младинските политики и политиката како алатка за постигнување на лични цели (вработување, повисок статус).*<br><br>**Есеј на тема**: *Младите и секојдневниот живот* | 13.1 Идентификува различни групи на млади;<br><br>13.2 Класифицира активности на млади;<br><br>13.3 Дава примери за младински поткултури и животни стилови и активизам;<br><br>13.4 Аргументира политичка интеграција и активизам кај младите. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | младите во општеството.<br><br>**Поими:**<br>- младински поткултури,<br>- животни стилови,<br>- младински политики,<br>- политичка интеграција | **Дебата:** *Политичката интеграција на младите и активизмот на младите* | |
| 14 | **- г**о анализира местото и улогата на младите во сопственото општество и пошироко. | **Младите во сопственото и светското општество**<br>Младите дел од сопственото општество;<br>Улогата на младинските организации;<br>Младите во светското општество.<br><br>**Поими:**<br>- младински организации,<br>- волонтери<br>**-** младински работник | Преку **групна работа** наставникот ги насочува учениците преку анализа на текстови да ги проценат различните перспективи на младите во различни општества. Учениците текстот го читаат во парови до одредени точки, и потоа подготвуваат табела за предвидување во која сумираат рефлексии.<br>**Есеј на тема**: *Младите: статус и улога во општеството/ сопственото општество* | 14.1 Го идентификува местото и улогата на младите во сопственото општеството;<br>14.2 Презентира за местото и улогата на младите во сопственото општеството;<br>14.3 Го илустрира местото и улогата на младите во сопственото општество;<br>14.4 Споредува општества во однос на местото и улогата на младите и критички во врска со тоа размислува. |

| | Модуларна единица 7: ОПШТЕСТВЕНИ ПРОМЕНИ (5+3=8) | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Ред. број** | **Резултати од учење** | **Содржини и поими** | **Активности и методи** | **Критериуми на оценување*** |
| 1 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а да:**<br><br>- ги толкува општествените промени и процеси и ги објаснува технолошките откритија; | **Општествена промена**<br><br>- Општествените промени од теориски аспект<br><br>- Фактори за општествени промени (технолошки, економски, идеолошки, културни)<br><br>- Промените и модерното општество<br><br>**Поими:**<br>- општествени промени<br>- револуција<br>- еволуција<br>- технолошки откритија | **Текст метода**: се анализираат одбрани текстови за определба на општествените промени<br><br>**Дискусија:** Влијанието на технолошките откритија врз општествените промени<br><br>**Венов дијаграм** – технолошките откритија и општествени промени, се наведуваат карактерисиките, се прави споредба и се прецизираат заедничките елементи<br><br>**Есеј** – Промените и | **Ученикот/ученичката може да:**<br>1.1 Идентификува и дефинира општествени промени и процеси;<br>1.2 Разлика еволутивни и револуционерни промени;<br>1.3 Објасни и илустрира со примери општествени промени, процеси и развој, да прави разлика меѓу промена, процес и развој;<br>1.4 поставува прашања, да дебатира, да оценува најнови технолошки откритија и нивното влијание врз промените во општеството |

* Внесени се стандарди/индикатори за постигнување на резултатите од учењето врз основа на кои се определуваат критериумите за оценување.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | современото општество | |
| 2 | - го објасни влијанието на глобализацијата врз животот на луѓето како и настанатите промени во сите сфери од општествениот живот; | **Глобализација**<br><br>- Определба на помот глобализација<br><br>- Фактори за глобализацијата<br><br>- Ефекти и последици од глобализација<br><br>- Глобализацијата и модерното општество<br><br>**Поими:**<br>- глобализација<br>- глокализација | **Бура на идеи:** *По што се разликуваат земјите во светот*? да се определи поимот глобализација<br><br>**Сложувалка:** со однапред подготвени текстови со соодветна содржина за фактори на глобалзација се идентификуваат и објаснуваат факторите и нивните карактеристиките и се дадаваат примери, градат и имаат сопствен став за глобализацијата.<br><br>**Венов дијаграм:** со негова примена се разграничуваат позитивни ефекти и последици од глобализацијата и се прецизираат заедничките елементи<br><br>**Есеј:** Свет без граница | 2.1 Го дефинира и објасни значењето на глобализацијата како неминовен процес;<br>2.2 Ги објасни факторите на глобализацијата и ги класифицира предности и недостатоци од глобализацијата;<br>2.3 Илустрира и презентира факти за сопствените сфаќања за глобализацијата и нејзините фактори;<br>2.4 Анализира и споредува процеси на глобализација во економијата, културата и образованието. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| 3 | - ја проценува улогата на глобализацијата и светскиот пазар и има сопствен став за нив; | **Глобализација и светски пазар**<br><br>- Определба на светски пазар<br><br>- Карактеристики на слободниот пазар<br><br>- Улога и значење на корпорациите<br><br>- Современото општество и мултинационални компании<br><br>**Поими:**<br>- светски пазар<br>- мултинационални компании<br>- корпорации | **Документарен филм:** за одредена мултинационална компанија за определба на светски пазар и утврдување на неговото значење во процесот на глобализацијата<br><br>**Групна работа:** учениците истражуваат на Интернет и градат сопствен став за потребата од светски пазар во ерата на глобализацијата<br><br>**Дискусија**: Економскиот раст на земјите во зависност од глобалниот пазар | 3.1 Го дефинира светскиот пазар и го објаснува неговото делување;<br>3.2 Ја обаснува улогата на светскиот пазар во процесот на глобализацијата;<br>3.3 Ја процени улогата на големите корпораци во процесот на глобализација и ја толкува идејата за заеднички пазар;<br>3.4 Го анализира современото општество и дава примери за мултинационални компании. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| 4 | - ги илустрира карактеристиките на антиглобалистичките движења и гради сопствен став; | **Глобализацијата и општествените движења**<br><br>- Определба на поимот општествено движење<br><br>- Теоретски основи на антиглобализмот<br><br>- Предуслови за појава на антиглобалистички движења<br><br>- Карактеристики на антиглобалистички движења<br><br>**Поими:**<br>- општествено движење<br>- Антиглобалистички движења | **Бура на идеи:** клучен термин *антиглобализација*, за определба на антиглобализација и причините за нејзино постоење<br><br>**Индивидуална работа:** со примена на **Т- листа** „за“ и „против“ глобализација, се утврдуваат аргументирани ставови и видувања за глобализација и антиглобализација<br><br>**Дискусија**: за присутноста и оправданоста на глобалзацијата и антиглобализацијата во сопствената средина<br><br>**Есеј:** Дали е потребно глобално владеење? | 4.1 Го определи поимот општествено движење;<br>4.2 Го објасни значењето на антиглобалистичките движења;<br>4.3 Го процени влијанието на антиглобалистичките движења на светскиот пазар;<br>4.4 Направи анализа за предностите и недостатоците на антиглобалистичките движења. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| 5 | - прави анализа на потребата од поврзување на македонското општество со поширoката заедница како последица од глобалните промени. | **Влијанието на глобалните промени во македонското општество**<br><br>-Промени во македонското општество под влијание на глобализацијата<br><br>-Ефекти и последици од глобализацијата во македонското општество<br><br>-Перспективи за вклучување на Република Северна Македонија во глобалната економија<br><br>**Поими:**<br>- транзиција<br>- демократизација | **Индивидуална работа:** по претходно истражување на интернет учениците даваат свои видувања за влијанието на глобалните промени во македонското општество<br><br>**Дискусија**: за перспективите на македонското општество во процесот на глобализацијата<br><br>**Есеј:** Глобалните промени и македонското општество | 5.1 Го идентификува делувањето на глобализацијата врз македонското општество;<br>5.2 Ја објасни потребата од поврзување на македонското општество со поширoката заедница;<br>5.3 Илустрира примери од вклученост на македонското општество во глобализацијата;<br>5.4 Ги анализира перспективите на македонското општество во процесите на глобализацијата. |

| | |
|---|---|
| **Оценување на постигањата на учениците** | Оценувањето на постигањата на учениците е континуиран процес во текот на наставата. Тој, пред се́, се однесува на постигнатите резултати во усвојувањето на знаењата од социологијата врз основа на прецизни критериуми кои што се наведени во програмата ( Блумовата таксономија) и мерни инструменти (усмено и писмено оценување (тестови на знаење), проектна работа, работа во група, пишување на есеи, домашни задачи). Преку наставата се следи активноста, мотивираноста и соработката на учениците т.е формативното оценување кон стекнување на вештини, компетенции и развивање на критичко мислење од социологијата, со цел воспоставување на однос меѓу учењето, подучувањето и оценувањето.<br><br>Дополнително, оценувањето се однесува и на степенот на заинтересираност и ангажираноста за време на наставниот процес, степенот на надареноста на ученикот за социологијата, практичната оспособеност, начините преку кои ученикот ги постигнал своите знаења и умеења кои учествуваат во целокупниот развој на личноста на ученикот. Оценувањето на постигањата на учениците е пред сѐ транспарентно, што подразбира дека учениците се информирани за целите на наставата, очекуваните постигања и како тие постигања ќе се оценуваат.  Учениците и родителите континуирано имаат увид во процесот на оценувањето.<br><br>Вреднувањето на постигнувањата на учениците се реализира преку пет нумерички оценки. |
| **Литература и други извори** | Учебник и прирачници одобрени од Министерството за образование и наука и други извори на учење. |
| **Почеток на имплементација на наставната програма** | **Учебна 2021/2022 година** |
| **Институција/ носител на програмата** | |

| | |
|---|---|
| | Биро за развој на образованието (БРО) |
| Потпис и датум на донесување на наставната програма | бр. 13 – 11378/22<br>4.10.2019 година<br><br>МИНИСТЕР, ср.<br>Dr. Arbër Ademi |
| Датум на ревизија | |